музеј на современата уметност — скопје
musée d'art contemporain — skopje

# ДЕЛА ОД ШЕСТТЕ МЕЃУНАРОДНИ СЛИКАРСКИ НЕДЕЛИ 1971

во дворецот Рецкоф кај Лајбниц

МСУ — март 1972.

Уметниците од Италија, Југославија и Австрија на покана од референтот за култура на штајерската земска влада се состанаа по шести пат во дворецот Рецкоф крај Лајбниц, за да живеат таму пет недели, уметнички-продуктивни во атмосфера на душевна размена и лично запознавање. Необично тесниот меѓусебен контакт создава секоја година променливо нијансирана атмосфера; која со набљудување и разбирање на другиот и на неговите дела дејствува корисно и стимулативно, создава креативна напнатост и го артикулира она што е заедничко и спротивно. Далеку преку границите настануваат лични односи, кон кои секој од уметниците го приложува својот дел. Со тоа е исполнета и намената на сликарските недели. Делата ќе бидат прикажани во Грац, Љубљана, Загреб, Белград, Скопје и во Италија.

КАРЛ ХИКАДЕ ја прикажува природата со голема сензибилност. Првобитниот потстрек за сликите настанати во Рецкоф лежи во доживувањето на пејзажот виден од авион, кој е збогатен со снимањето на формите од природата околу Рецкоф. Сосема сликарски, со четче, Хикаде создава фини нијанси на боите, кои ѝ даваат на сликата некаква далечина, која се оживува во движење сама по себе, а во која формите се склопуваат, а во сликата ,,Encounter" се натрпуваат во десниот дел на рамката: две сини форми, кои откако се сретнале се обединуваат, засводнуваат и така му даваат доминантен акцент на сликовитиот простор. Хикаде пораснал во Англија и нежно воздржаната поезија на таа земја како да зборува од него. Со чувствителност ги употребува облиците и боите на таа природа за да ги развие во себе и со нејзина помош да ги реализира на платното.

ПЕТЕР ГЕРВИН ХОФМАН во своите слики се занимава со парадоксни ситуации, набљудувајќи ги од социјално-критичко гледиште. Големите формати цртани на хартија со графит се силни но економично оживеани со бои, ги прикажуваат семејствата на космонаутите, тркачките, тројца луѓе како разговараат и светскиот рекордер во скок во височина, Пат Мацедорф. Сосема ,,нормална" слика на група просечни луѓе во малограѓанска атмосфера го прикажува космонаутот кој се вратил од месецот во семејниот круг и очигледно докажува дека космичката авантура воопшто не ги изменила мислењата и чувствата на тоа семејство. Непропорционалните тркачки, со надрочени затегнати мускули се прикажани во трка, но тие како да не се помрднуваат од место. И покрај прикажаниот напор, напрегнати и придржани од линиите на патеката, тие се наклонуваат кон групата која не може да се помрдне од место. Пат Мацдорф паѓа полека на земјата откако го постигнал видливо означениот светски рекорд во висина од 2,18 метри, правејќи притоа движења во вид на некаква коса линија. Неговото тело е на деформиран начин искривоколчено. Од сликата бесрамно весело и слободно се смее еден трговец кој со еден двиг се ослободува од своето палто и неочекувано го покажува својот сега веќе не сосема бел елек.

ЃОРЃЕ ИВАЧКОВИЌ е сликар на акција. Тој начин на сликарство изискува активирање на целиот човек, но прд сè и на потсвесното, за да може да го реализира на површината на сликата моменталното расположение по долгиот процес на внатрешното насобирање со спонтано нафрлани боени потези, петна, со прскање и тоа со потегот на личниот ракопис. Тој апстрактен експресионизам работи на површината на сликата со знаците на движењето. Тие мора да се читаат како некаков вид на писмо кое е напишано полуавтоматски, и на крајот стануваат во целост сфатени од страна на набљудувачот. Во него не се сумира само расположението на изведувачот, туку и неговите доживувања и атмосферата во која живее, неговата поблиска околина. Сето тоа произведува на сликата ефект сличен на знаците.

НОРБЕРТ НЕСТЛЕР создал објекти од плекси-стакло и метал, бидејќи го привлекуваат транспарентноста на материјалот и неговата промена по пат на светло и сенка. Цути ,,Надрочениот облик 71" на наредените плочи, поставен на триаголна треперлива плоча за да стане бестелесен и прозирен објект, а на крајот тело. Просторно нишачкиот карактер и проѕирноста, измените и промените на обликот со обиколка, и различните погледи создаваат привлечен контраст, којшто се користи воздржливо естетски. Во ,,Железната девица, којашто се надева", има еден ред на плекси-плочи, обесен на тенка триножна носечка конструкција. Во тој ред се создаваат напрскани и разновидни по големина кружни

форми. И настануваат две форми на ротациониот елипсоид, па- тем редот и телото се сменуваат со диференцирана игра. Меди тациониот објект ,,Застани на лулката за гледање е речиси бестелесна конфронтација на техничко-скелетните и природните форми, кои предизвикуваат душевно — визуелно задлабочување, по пат на нов начин на распоредување.

Соседовата куќа во пејзажот, наблјудувана од разни точки е тема на повеќе слики на ФРАНЦ НОВИНЦ. Тој го сведува богатството на формите и боите на една уметничка формула. Инспириран од поп-уметноста, неговите форми самоволно кружат и се затвораат, стануваат обземени од вибрантните поедноставени контури, со сводовите и цик-цак линиите, автономно обработени со боја. Иаку се чини дека сликите ги одразуваат боите на природата, тој не ги копира, туку ги применува по својот сопствен закон, сликарски и истовремено антисликарски, опишувајќи а истовремено и изменувајќи, како што и формите не ја одразуваат природата, туку како спротивност на природата, оваа во уметноста ја изградуваат со автономни елементи. Сликите имаат посебен чар; нивните бои се инструктивни, не повредувајќи ја но и не прикажувајќи ја стварноста. Новинц ни го покажува својот сопствен свет, не онаков каков што тој го гледа, туку онаков каков што тој го создава како уметник, вештачки свет, во кој ние не влегуваме, туку можеме да го видиме само во неговите слики

ДУШАН ПЕРЧИНКОВ поврзува разни планови во своите сликарски сфаќања. Формите на стоговите се појавуваат во сите негови слики. Тие се прикажуваат од перспектива, распоредени по површината, менувајќи се со четириаголниците, во променливо преминување кон напред или кон назад. Прилично поедноставената форма, покрај која стои исто таква смалена форма, дејствува природно како и перспективата, но истовремено е и математичка, компјутерска. Таа се појавува во разни можни констелации. Апстрактно геометриските форми влегуваат во сликата и создаваат чисто техничко подрачје. Со делумно интензивни бои, во нив чувствуваме нешто татковинско-фолклорно, везот и орнаментите од Македонија. Покрај тоа во некои слики доаѓа до строг распоред во централниот квадрат со осум или дванаесет квадратни периферни полиња, распоред што го познаваме од иконо-сликарството. Тоа е нова и сосема самостојна синтеза на природата, техниката и сериските мотиви кои ги остварува Перчинков.

ЛУКА ПИФЕРО во објектите и графиката го обликува уметничкиот протест против загадувањето, труењето на светот, водата и уништувањето на природата, коишто неизбежно ќе доведат до уништување на животниот простор и на крајот и на човекот, во случај да не дојде до обемни заштитни мерки. Двете негови бели пирамиди на Монт Еверест и на Монт Блан се надгробни споменици; на нив се записи, како оние натписи што предупредуваат и потсетуваат: белиот сјај исто така претставува смрт, којашто овде е човечко дело, како слика потсетница на концентриранатa и чиста убавина на некогашните планини. Во графиката Пиферо ја прикажува својата сопствена природа, своето сопствено чисто небо, синиот свеж воздух, морето, полињата. Со нагласено сетиво за естетските вредноси, овој уметник го создава овој свет, којшто е протест и предупредување, и истовремено средство на апстрактната убавина.

ПАОЛО ПИВА презема обиди за артикулација и дефиниција на просторот. Два мали објекти од плекси-стакло ,,книги , коишто се состојат од подвижни плочи на постамент, обоени црно и црвено со едноставни визуелни знаци, сакаат да го сензибилизираат наблјудувачот, со тоа што да му овозможат и да го повикаат по пат на прегрупација постојано и тој сам да создава нови композиции на знаци. Во сите негови четири студии на третата димензија дејствува пред плекси-плочата една пластична дрвена форма, чијашто насоченост набљудувачот треба да ја следи. По пат на променливиот меѓусебен распоред на четирите објекти, се создаваат модифицирани просторни диспозиции. Тој го насочува окото по ,,оптичката патека" — права црна лента на четвороаголниот објект од плекси-стакло, коешто линијата еднаш ја прифаќа како права, а друг пат просторно. Неговиот ,,Обид за просторна дефиниција" е создаден од идејата да се води широката црна лента низ просторот. Таа во плекси-објектот двојно се пре кршува за да излезе сама надвор низ прозорецот. Тој се обидува со едноставни визуелни средства да го прикаже просторот во однос на светот. Неговите обиди му служат на сознавањето на визулените доживувања.

ХЕЛМУТ ШОБЕР создаде три различни објекти. ,,Сталинград 1943" е голем објект составен од четири квадратни лимени плочи од цинк на кои се зацврстени еден продупчен шлем, газа и завој, коишто како патишта од објектот го насочуваат кон зидот студениот сјај на металот; и белите, сините и костенавите полиња на газата интензивно го доловуваат бесмисленото уништување и смртта, во врска со продупчениот шлем, неможејќи да се одделат од тие настани. Во објектот од плекси-стакло ,,10864" Шобер ги нагорува формите во една четириаголна плоча. Од тоа произлегува една руинирана форма, делумно костенава и поцрнета од огнот, полна со сугестивна сила, којашто дополнета со сенката, го прикажува процесот на промената, што може да се зацврсти со еден подвижен додаток. Во делото ,,Environement 10375" тој обликува лебдечко отворање и движење во просторот. Две парчиња јута натопени со боја, затегнати со канап во конструкција од аголно железо, пластично се артикулираат во просторот, добиваат сопствено внатрешно движење и со тродимензионалноста ја оживуваат евокацијата што се активира со силата којашто ја активира потсвеста.

ДАВОР ТОМИЧИЌ во своите слики коишто му припаѓаат на конструктивизмот обликува свет на чисти форми.

Една речиси квадратна црвена површина е доформирана од црната греда, којашто од левата страна на горниот дел од сликата се протега надесно, а од десната страна налево околу аголот; на тој начин се создава напнатост, а самата површина станува оптички поделена, иаку таа сепак останува како таква. Таа поделба е повпечатлива на зелената слика ограничена од страните со светлосини греди, кои, кршејќи се, се воведуваат во сликата, со што се засилува оптичкото настанување на двете половини на сликата. Она што Томичиќ го обликува се примарни сознавања на видот, коишто се обидуваат да воспостават однос помеѓу површината и формата. На малата црвена слика, на која одозгора проникнуваат две црни форми, што завршуваат со жолти квадрати, ни станува јасно дека не само напнатоста и делењето на површината туку и просторното активирање на самата обоена површина може да биде уверливо прикажано со укомпонираните форми. Томичиќ е пурист кој ги формулира оптичките разјаснувања по пат на едноставни лапидарни форми на сликите.

За пријателскиот совет и помошта им благодариме на професорот Умбро Аполонио од Венеција, професорот Џило Дорфлес од Милано, д-р Итало Муса од Рим, д-р Катја Амброзиќ Белград, д-р Александар Басин од Љубљана, Желимир Кошчевиќ од Загреб, Борис Петковски од Скопје, Освалд Оберхубер од Виена и д-р Валтер Зети од Рим.

*Вилфред Скрајнер*

# КАТАЛОГ

## КАРЛ ХАЈНЦ ХИКАДЕ

1. Almighty; темпера и акрилични бои/платно, 110 × 180*
2. Pease; темпера и акрилични бои/платно, 110 × 180
3. Encounter; темпера и акрилични бои/платно, 110 × 180

## ПЕТЕР ГЕРВИН ХОФМАН

4. Felix Austria 3; маслена креда и графит/хартија, 157 × 169
5. Пат Мацдорф 2; маслена креда и графит/хартија, 157 × 157

## ЃОРЃЕ ИВАЧКОВИЌ

6. Мала слика 27. IX 71/1; масло/платно, 30 × 30
7. Мала слика 27. IX 71/2; масло/платно, 32 × 30
8. Мала слика 27. IX 71/3; масло/платно, 23 × 30
9. Мала слика 27. IX 71/4; масло/платно, 32 × 30

## НОРБЕРТ НЕСТЛЕР

10. **Надрочен облик 71;** плекси стакло/платичен материјал, 85 × 120 × 151
11. **Железна девица којашто се надева;** плекси-стакло, алуминиум и пластика, 186 × 120 × 65

## ФРАНЦ НОВИНЦ

12. **Пејзаж;** акрилични бои/платно, 135 × 120
13. **Зелена триумфална арка;** акрилични бои/платно, 135 × 120

## ДУШАН ПЕРЧИНКОВ

14. **Цветна градина;** акрилични бои/платно, 130 × 150
15. **Трева 1;** акрилични бои/платно, 150 × 70
16. **Трева 2;** акрилични боиIплатно, 50 × 50
17. **Трева 3;** акрилични бои/платно, 50 × 50
18. **Треоа 4;** окрилични бои/платно 50 × 50

## ЛУКА ПИФЕРО

19. **Тоа е моето небо;** молив во боја/хартија во боја, 70 × 50
20. **Го затворив воздухот во еден квадрат;** молив во боја/хартија во боја, 70 × 50
21. **Мојот животен простор;** молив во боја/хартија во боја, 70 × 50
22. **Триаголна сензибилизација;** молив во боја/хартија во боја, 70 × 50

## ПАОЛО ПИВА

23. **Оптичка патека;** нитролак/плекси-стакло, 60 × 200 × 80
24. **Обид за просторна дефиниција;** нитро лак/плекси-стакло, 200 × 120 × 120
25. **Четири студии за третата димензија;** нитро лак/дрво/плекси-стакло 74 × 74 × 10

## ХЕЛМУТ ШОБЕР

26. **Сталинград 1943;** санитетски, завој дисперзија и поцинкувана железна тенекија
27. **Плекси-стакло 10846;** плекси стакло, железо, 200 × 200

## ДАВОР ТОМИЧИЌ

28. **Без наслов;** дисперзија (платно, 140 × 180
29. **Без наслов;** дисперзија/платно, 130 × 140
30. **Без наслов;** дисперзија/платно, 130 × 140
31. **Без наслов;** дисперзија/платно, 45 × 50

* сите дела се создадени во 1971.